МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје



# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2019

## СТАВОВИ НА ЈАВНОСТА

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС)

**Агенција за истражување на јавното мислење**
М-проспект

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Гонце Јаковлеска, извршен директор на МЦМС
Марко Трошановски, претседател на ИДСЦС

**Истражувачи/автори**
Александар Кржаловски, Фанија Ивановска

**Март 2019**

**Контакт**
**МЦМС** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел.: +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk;
Веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697
SlideShare: http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk
Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

**ИДСЦС** - адреса: ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 51/1/2, 1000 Скопје;
Тел.: +389 2 3094 760; Факс: +389 2 3094 760; е-пошта: contact@idscs.org.mk;
Веб-страници: http://idscs.org.mk/mk/
Facebook: https://www.facebook.com/IDSCS/
Twitter: https://twitter.com/IDSCS_Skopje

**М-проспект** – адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41, 1000 Скопје;
Тел.: +389/2/ 3075-366; е-пошта: contact@m-prospect.com
Веб-страница: http://www.m-prospect.com
Facebook: https://www.facebook.com/MProspect

Мислењата што се изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не мора да ги одразуваат и ставовите на **МЦМС** и **ИДСЦС**.

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или за превод/адаптација, треба да се добие дозвола од издавачите.

# Претседателски избори 2019

**- Ставови на јавноста -**

# СОДРЖИНА

ЛИСТА на кратенки ..... 4
1. Вовед ..... 5
1.1. Методологија и пристап ..... 5
1.2. Обработка и прикажување на резултатите ..... 5
1.3. Ограничување на истражувањето ..... 5
2. Ставови за излегување на изборите ..... 6
3. СТАВОВИ ЗА ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ..... 8
4. Карактеристики на кандидатите ..... 11
ЗАКЛУЧОЦИ ..... 12
ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК ..... 13
ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ ..... 14
ПРОФИЛ НА ИЗДАВАЧИТЕ ..... 15
БЕЛЕШКА ЗА АВТОРИТЕ ..... 15

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АзА | Алијанса за Албанците |
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| БО | без одговор |
| НЗ | не знам |
| пп | процентни поени |

# 1. ВОВЕД

Во овој извештај „Претседателски избори 2019“ се презентирани и анализирани ставовите на граѓаните во Македонија во однос на претстојните претседателски избори, добиени преку испитувањето на јавното мислење во периодот од 13 до 19 март 2019 година, а кое за МЦМС и ИДСЦС го спроведе агенцијата М-проспект.

Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи и методологија, наоди во однос на излезноста на претседателските избори, потоа следуваат ставовите како ќе гласаат испитаниците во двата изборни круга, а завршува со заклучоци.

## 1.1. Методологија и пристап

Анкетирањето на граѓаните  е направено преку телефонска анкета, на повеќеслоен стратификуван примерок од 1001 испитаници постари од 18 години, национално репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност, регион и место на живеење. Анкетирањето е правено на македонски и на албански јазик. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од 3,1% со прифатливо ниво на доверба од 95%.

## 1.2. Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, дел од податоците се прикажани и во табели, особено за значајните демографски фактори.

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10% од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70%.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалубројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок. Во овој извештај, податоците од симпатизерите на партиите Алијанса за Албанците и Беса се прикажани заедно, со оглед на тоа што имаат заеднички кандидат на изборите, а и заради поедноставна презентација на резултатите.

Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн. е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери (не членови или гласачи) на соодветната партија.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони, за поедноставно прикажување на резултатите, не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е секаде 100%.

## 1.3. Ограничување на истражувањето

Примерокот за истражувањето е стандарден, но се базира на податоци од пописот од 2002 година, кои можеби се застарени и не ја одразуваат целосно реалната ситуација на теренот, иако се модифицирани според периодичната процена на ДЗС од 2017 година. Дополнително, анкетирањето е правено само на територијата на Македонија и не ги вклучува граѓаните кои имаат право на глас, но живеат или во периодот на анкетирањето престојувале во странство.

## 2. СТАВОВИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Првите прашања во оваа анкета се однесуваа на проценета за можна излезност на претстојните претседателски избори.

**Графикон 1: На претстојните претседателски избори:**




Како што се гледа на графикон 1, на прашањето дали ќе излезете да гласате на претседателските избори кои ќе се одржат на 21 април (првиот круг на гласањето), мнозинство од испитаниците (67,3%) одговориле позитивно. Речиси една четвртина (24,1%) рекле дека нема да излезат, додека 8,6% сѐ уште немаат одлучено или не одговориле.

**Табела 1: На претстојните претседателски избори:**
(приказ според етничката припадност и симпатизерство на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | АзА и Беса | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ќе излезам | 71,8 | 61,1 | 85,7 | 94,8 | 85,7 | 84,8 | **67,3** |
| Нема да излезам | 21,9 | 27,9 | 11,0 | 2,8 | 5,7 | 15,2 | **24,1** |
| Не знам/ одбива да одговори | 6,4 | 11,1 | 3,3 | 2,3 | 8,6 | 0,0 | **8,6** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Табелата погоре ја прикажува етничката и партиска дистрибуција на гласовите. Големо мнозинство од етничките Македонци (71,8%) и мнозинство од етничките Албанци (61,1%) одговориле дека ќе излезат на гласање.

Нема битни разлики во однос на партиската припадност, односно кај сите партии со свој кандидат на изборите, големо мнозинство од симпатизерите изјавиле дека ќе излезат на гласање.

Гледано низ призмата на возраста, најсигурни за излегување на гласање се оние на возраст над 65 години (86,4%), за разлика од оние на возраст од 18 до 29 години (63,5%).

Сепак, изјавите за излезност на гласање треба да се земат со голема резерва, бидејќи праксата покажува дека реалната излезност е доста помала од онаа што се декларира при вакви анкети. Така на пример, за референдумот во септември минатата година, на анкета направена во јули 68% од испитаниците изјавиле дека ќе излезат на гласање, на анкета во август – 57%, а сепак на референдумот излегоа само 37%.

Од таа причина, поставено е и контролно прашање, за тоа – колкава е веројатноста на самите испитаници дека ќе излезат на гласање (на скала од 1 до 10), со тоа што прашањето (а со самото тоа и резултатите и сите нивни толкувања подолу), се однесува само на првиот круг на гласање (освен каде што е нагласено дека се коментира или прогнозира за вториот круг на изборите).

**Графикон 2: Колку е веројатно дека ќе гласате на претстојните претседателски избори на скала од 1 до 10?** (каде 1 значи најмалку веројатно, а 10 најмногу веројатно)




Како што е и вообичаено за ваков тип на опции за одговор, има концентрација на краевите (во случајов оценките 1 и 10), како и на средната вредност (5). Највисока е определеноста за сигурно излегување (37,2%), додека пак одлучноста да не излезат на гласање на претстојните претседателски избори е присутна кај 20,4% од испитаниците.

Од искуствата со поранешни анкети, може со сигурност да се смета на излезност согласно одговорите со 10, но не и многу повеќе од тоа, односно зависно и од други фактори – може да се смета и на половина или сите од тие што одговориле со 9.

Сепак, на излезноста влијаат многу фактори, а секако најбитно (како што се покажа со референдумот) е однесувањето на политичките партии во однос на активно или пасивно повикување на бојкот на гласањето. Секако, на изјавите за гласање и проценките во ваквите извештаи влијае и временската дистанца на анкетата од самиот ден на избори (во случајов повеќе од еден месец до денот на гласање).

За потсетување, со примена на ваква проценка за веројатност за излегување на гласањето на еден месец пред референдумот, МЦМС и ИДСЦС излегоа со проценка за излезност од 44% на референдумот (иако на анкетата 57% од испитаниците изјавиле дека ќе излезат на гласање). Во тој случај, сигурни дека ќе излезат беа 34%, а во реалноста на референдумот излегоа 37% од запишаните гласачи. Сепак, сето тоа беше пред ВМРО-ДПМНЕ да го соопшти својот став, што исто така битно влијаеше на намалување на излезноста, односно на бојкотот на референдумот.

За споредба, на претседателските избори во 2014 година, според податоците од Државната изборна комисија (ДИК) излезноста во првиот круг била 48,86%, а во вториот круг 54,38%.

## 3. СТАВОВИ ЗА ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Секако, најважното прашање на оваа анкета е тоа за кој кандидат се определиле испитаниците. Иако во моментот кога е спроведена анкетата сѐ уште не беше завршен рокот за поднесување на кандидатура, според кандидатурите кои беа најавени од водечките партии, веќе беше извесно учеството на Стево Пендаровски, Гордана Силјановска – Давкова[1] и Блерим Река. Одлуката на ДИК во меѓувреме, по истекот на рокот, само го потврди тоа.

**Графикон 3: На претседателски избори ќе гласам за кандидатот:**




Според одговорите на испитаниците на прашањето за кого ќе гласаат на претстојните претседателски избори, Стево Пендаровски е во благо водство (25,0%) пред Гордана Силјановска (22,4%), односно разликата е 2,6 пп, што е во границите на статистичката грешка, па може да се каже дека се работи за изедначена трка и еднаква можност за победа на изборите. За кандидатот Блерим Река, одговориле дека ќе гласаат 10,9% од испитаниците, со што може да се заклучи дека во вториот круг изборот, очекувано, ќе се сведе на кандидатите на СДСМ (Пендаровски) и ВМРО-ДПМНЕ (Силјановска). Од тие причини, прашано е и за гласање во таков случај во втор круг, но за тоа – подолу.

Од добиените проценти, видливо е дека со профилирањето на јасни кандидати, а и сведувањето на трката на три личности, нивните рејтинзи се доста поголеми во однос на претходните анкети (каде што имаше и повеќе имиња во оптек, а тоа ги вклучуваше и партиските лидери, па тогашните нивни рејтинзи се движеа од 2,5 до 6,8%).

[1] Во понатамошниот текст, заради поедноставна презентација, користено е само презимето Силјановска. Од истата причина, за сите кандидати на некои места е користено само презимето.

**Табела 2: На претседателски избори ќе гласам за кандидатот:**
(приказ според етничката припадност и симпатизерство на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | АзА и Беса | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 26,1 | 15,2 | 2,2 | 84,5 | 25,7 | 1,5 | **25,0** |
| Гордана Силјановска | 32,2 | 0,4 | 83,5 | 2,8 | 0,0 | 0,0 | **22,4** |
| Блерим Река | 0,9 | 41,4 | 0,0 | 0,5 | 57,1 | 80,3 | **10,9** |
| Ниту еден од кандидатите | 17,6 | 16,8 | 6,0 | 2,8 | 5,7 | 3,0 | **17,9** |
| Сè уште не сум одлучил | 17,6 | 21,3 | 3,8 | 8,9 | 11,4 | 10,6 | **18,3** |
| Одбива да одговори | 5,6 | 4,9 | 4,4 | 0,5 | 0,0 | 4,5 | **5,6** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Гледано низ призмата на етничката припадност, може да се забележи дека една четвртина од етничките Македонците (26,1%) одговориле дека ќе гласаат за Стево Пендаровски, а поголем број (32,2%) одговориле дека нивниот избор е Гордана Силјановска. Најголем дел од етничките Албанци одговориле дека ќе гласаат за кандидатот Блерим Река (41,4%), додека пак 15,2% од нив се изјасниле дека ќе го поддржат Стево Пендаровски. Јасно е дека ВМРО-ДПМНЕ се уште не успева да допре до етничките Албанци, дури ни со изборот на т.н. натпартиски кандидат како Силјановска.

Иако сите три кандидати се претставени како „натпартиски", а Пендаровски дури и како „консензуален", сепак е повеќе од јасна и видлива партиската поларизација кај гласачкото тело. Големо мнозинство од симпатизерите на СДСМ (84,5%) го поддржуваат Стево Пендаровски, а големо мнозинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ - Гордана Силјановска (83,5%). Поинтересно е во блокот на етничките Албанци - мнозинство од испитаниците кои се симпатизери на ДУИ (57,1%) рекле дека (барем во првиот круг) ќе гласаат за Блерим Река, додека пак само четвртина од нив (25,7%) ќе го поддржат Пендаровски. Река има најголема поддршка кај симпатизерите на Алијансата за Албанците и Беса (80,3%).

Овој соднос кај ДУИ може да се толкува и како протестен глас на нивните симпатизери, дали во однос на самите политики и однесувања на партијата во рамките на владејачката коалиција или фактот што не излегува со свој кандидат туку поддржува кандидат на коалицискиот партнер. Но, во секој случај, се чини дека (повторно) ќе бидат одлучувачки – веројатно и во двата круга: во првиот - за неутрализирање на предноста на Силјановска кај етничките Македонци; а во вториот – за цензусот за избор на Претседател.

Со оглед на извесноста за „битка" во вториот круг помеѓу Пендаровски и Силјановска, поставено е и прашање за кого би гласале испитаниците во таков случај.

**Графикон 4: Доколку во вториот круг се кандидираат Стево Пендаровски и Гордана Силјановска, на претседателските избори ќе гласам за:**



Како што се гледа на графиконот 4, слично со одговорите на претходното прашање, кандидатот Стево Пендаровски е во водство (32,4%) пред кандидатот Гордана Силјановска (26,2%), овој пат малку поизразено, но се уште во рамките (односно на самата граница) на статистичката грешка од +/-3.1% за секој од резултатите.

**Табела 3: Доколку во вториот круг се кандидираат Стево Пендаровски и Гордана Силјановска, на претседателските избори ќе гласам за:**

(приказ според етничката припадност и симпатизерство на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | АзА и Беса | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 29,9 | 34,8 | 2,7 | 87,3 | 58,6 | 36,4 | **32,4** |
| Гордана Силјановска | 37,2 | 0,8 | 87,9 | 3,3 | 0,0 | 1,5 | **26,2** |
| Ниту еден од кандидатите (нема да гласа) | 16,7 | 37,3 | 5,5 | 3,3 | 25,7 | 30,3 | **22,7** |
| Сѐ уште не сум одлучил | 12,9 | 19,3 | 1,6 | 6,1 | 12,9 | 18,2 | **14,1** |
| Одбива да одговори | 3,3 | 7,8 | 2,2 | 0,0 | 2,9 | 13,6 | **4,7** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во вториот изборен круг, гледано низ етничката припадност на испитаниците, кандидатот Гордана Силјановска има поголема поддршка од етничките Македонци (37,2%) за разлика од кандидатот Стево Пендаровски кој има поголема поддршка од етничките Албанци (34,8%). Мнозинство од етничките Албанци одговориле дека нема да гласаат и сѐ уште се немаат одлучено за кого ќе гласаат (56,6%), што се разликува за 18,4 пп од бројот на етнички Албанци кои одговориле дека нема да гласаат и сѐ уште се немаат одлучено за кого ќе гласаат во првиот круг (38,1%).

Слично, како во првиот изборен круг, партиската поларизираност меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ ќе доминира кај нивните симпатизери. Пендаровски сепак може да смета и на поддршка од симпатизерите на ДУИ (58,6%). Интересно, во вториот круг, би имало пресврт кај симпатизерите на ДУИ, т.е. мнозинството би гласало (за Пендаровски – 58,6%) наспроти четвртина (25,7%) кои не би гласале.

.

# 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА КАНДИДАТИТЕ

Во последниот дел од анкетата, испитаниците се прашани за карактеристиките за кандидатите за претседател. Притоа, ним им беа прочитани неколку карактеристики за секој од кандидатите поврзани со нивната партиска независност, блискост со народот, јасност, чесност и углед, а од нив е побарано да кажат за кој кандидат најмногу одговара секоја од овие карактеристики.

**Графикон 5: Ставови во однос на карактеристики на кандидатите за претседател**




Графиконот погоре повторно ја потврдува изедначената трка помеѓу кандидатите Гордана Силјановска и Стево Пендаровски. Па така, релативно се изедначени процентите на испитаниците кои ги перципираат овие два кандидати како:

- блиски до народот (С. Пендаровски- 25,4%, Г. Силјановска-23,8%)
- разбирливо зборуваат (С. Пендаровски- 26,7%, Г. Силјановска-25,3% )
- ги бранат државните интереси (С. Пендаровски-24,8%, Г. Силјановска- 23,9%).

Вакви изедначени проценти можат да се забележат и за тврдењето дека кандидатот, односно кандидатката е чесна (Стево Пендаровски 22,5%, а Гордана Силјановска 22,1%). Сепак, интересно е дека речиси половина од испитаниците одговориле дека „не знаат“ кој и „ниту еден“ од кандидатите не е чесен (49,9%).

Иако релативно изедначено, сепак поголем број од испитаниците ја перципираат Гордана Силјановска како натпартиски кандидат (24,3%) во споредба со Стево Пендаровски (19,0%). Од друга страна, Стево Пендаровски е претседателски кандидат кој според испитаниците ужива поголем углед кај странците. (Стево Пендаровски 39,3%, а Гордана Силјановска 14,2%).

# ЗАКЛУЧОЦИ

**Стево Пендаровски е во благо водство (25,0%) пред Гордана Силјановска (22,4%),** односно разликата е 2,6 процентни поени, што е во границите на статистичката грешка, па може да се каже дека се работи за изедначена трка и еднаква можност за победа на изборите.

Слично е и за вториот круг на изборите (разликата е 6,2 пп, односно на самата граница на статистичката грешка).

Водството на Пендаровски е заради поддршката кај етничките Албанци (над 15% во првиот круг и речиси 35% во вториот) додека за Силјановска во двата случаи е незначителна (под 1%), додека кај етничките Македонците Силјановска е во предност (32,2% наспроти 26,1% за Пендаровски).

**Пресврт кај гласачите на ДУИ во двата круга.**

Мнозинството симпатизери на ДУИ (57,1%) во првиот круг изјавиле дека ќе гласаат за Блерим Река (наспроти само 25,7% за Стево Пендаровски), додека за вториот круг (кога се очекува избор меѓу Пендаровски и Силјановска) мнозинството од нив (58,6%) се определува за Пендаровски (ниту еден за Силјановска, а 25,7% нема да излезат на гласање).

Дополнително, има високо ниво на определеност кај етничките Албанци да не се излегува воопшто на гласањето. Во првиот круг тој процент изнесува 16,8%, додека за вториот (кога не се очекува да има кандидат етнички Албанец), процентот расте до 37,3% (и тоа нема голема разлика меѓу поддржувачите на ДУИ и Аза/Беса). Ова може да влијае на постигнувањето на цензусот.

**Изедначени и карактеристиките на кандидатите.**

Релативно се изедначени и процентите на испитаниците кои ги перципираат кандидатите Гордана Силјановска и Стево Пендаровски како партиски независни, блиски до народот, чесни, разбирливи во зборувањето и во одбрана на државните интереси.

Поголем број од испитаниците ја перципираат Гордана Силјановска како натпартиски кандидат (24,3% наспроти 19% кај Пендаровски), додека пак Стево Пендаровски е виден како кандидат кој ужива поголем углед кај странците (39,3% наспроти 14,2% кои го велат тоа за Силјановска).

# ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК

**П1.** Дали ќе излезете да гласате на Претседателските избори на 21.04.2019?

1. Да
2. Не
3. Не знам
4. Одбива да одговори

**П2.** На скала од 1 до 10 (1 – Сигурно нема да излезам, 10 – Сигурно ќе излезам) колку сметате дека е веројатно да излезе да гласате на Претседателските избори на 21.04.2019?

______________________

98. Не знам
99. Одбива да одговори

**П3.** За кој кандидат ќе гласате на изборите за Претседател?
(Одговорите не се читаат. Доколку испитаникот не даде веднаш одговор, се чита листата – местото на кандидатите на листата ќе ротира за секој нареден испитаник)

1. Стево Пендаровски
2. Гордана Силјановска
3. Блерим Река
4. Ниту еден од кандидатите (нема да гласа)
5. Сѐ уште не сум одлучил
6. Одбива да одговори

**П4.** Доколку во вториот круг се кандидираат Стево Пендаровски и Гордана Силјановска, за кого од нив ќе гласате на Претседателските избори:

1. Стево Пендаровски
2. Гордана Силјановска
3. Ниту еден од кандидатите (Нема да гласа)
4. Сѐ уште не сум одлучил
5. Одбива да одговори

**П5.** Сега ќе ви прочитам неколку карактеристики на луѓето. Ве молам кажете ми за секое од тврдењата, за кој кандидат повеќе одговара секое тврдење:

| | Стево Пендаровски | Гордана Силјановска | Блерим Река | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| Кандидат/ка независен од партиите | | | | |
| Кандидат/ка близок до народот | | | | |
| Го/Ја разбирам што зборува | | | | |
| Чесен | | | | |
| Ги брани државните интереси | | | | |
| Има углед кај странците | | | | |

# ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 50,4 |
| Жена | 49,6 |
| **Возраст** | **%** |
| Од 18 до 29 години | 21,1 |
| Од 30 до 39 години | 21,0 |
| Од 40 до 49 години | 20,0 |
| Од 50 до 64 години | 20,4 |
| Над 65 години | 17,6 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонска | 65,8 |
| Албанска | 24,4 |
| Турска | 3,0 |
| Ромска | 2,1 |
| Српска | 2,4 |
| Влашка | 0,7 |
| Бошњачка | 0,9 |
| Друго | 0,7 |
| **Образование** | **%** |
| Основно или помалку | 13,5 |
| Средно | 56,7 |
| Вишо/високо | 27,7 |
| После дипломски | 2,1 |
| **Место на живеење** | **%** |
| Село | 39,1 |
| Град | 60,9 |

| Работен статус | % |
|---|---|
| Вработен во јавна институција | 16,9 |
| Вработен во приватна компанија | 22,4 |
| Вработен во граѓански сектор | 0,4 |
| Самовработен | 1,8 |
| Земјоделец | 4,6 |
| Невработен | 18,8 |
| Ангажиран во домашни обврски | 5,6 |
| Студент/ученик | 10,6 |
| Пензионер | 19,0 |
| **Регион** | **%** |
| Вардарски | 7,0 |
| Источен | 9,0 |
| Југоисточен | 9,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Пелагониски | 11,0 |
| Полошки | 16,1 |
| Североисточен | 8,0 |
| Скопски | 30,0 |
| **Симпатизерство кон партии** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 18,2 |
| СДСМ | 21,3 |
| ДУИ | 7,0 |
| БЕСА | 1,1 |
| Алијанса за Албанците | 3,3 |
| Други | 4,8 |
| Неопределени | 44,4 |

## ПРОФИЛ НА ИЗДАВАЧИТЕ

**Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)** веќе 25 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството.

Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми.

МЦМС дејствува во секторите на: развој на граѓанското општество, добро владеење (антикорупција), социјална инклузија (вработување, образование, дијалог и културна различност).

Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.600 проекти со вкупен буџет од над 60 милиони евра.

**Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС)** е граѓанска организација основана во 1999 година од група интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество.

Долгорочните цели на Институтот се да работи на балансиран социо-економски развој, активна граѓанска вклученост и партиципативна политичка култура, како и остварување на либералните вредности во македонското општество.

Својата работа ИДСЦС првенствено ја заснова на социометриски истражувања и проектни активности. Веруваме дека човековиот капитал е главен предуслов за позитивна општествена промена и затоа посветено работиме на проекти за подобрување на капацитетите, преку трансфер на знаење и вештини.

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРИТЕ

**Александар Кржаловски** е активен во граѓанскиот сектор од времето на студиите (1990 година), вработен е во МЦМС од декември 1995 година, а прв извршен директор на организацијата е од 2011 година. Автор е на повеќе истражувања и публикации, а остварил и неколку мисии за оценка на програми и други организации во Македонија и во странство.

**Фанија Ивановска** својата вклученост во активностите на МЦМС ја започнува како волонтер во септември 2015 година, а од декември 2015 година е во работен однос како помлад соработник на проект во Одделението за граѓанско општество и демократизација.